11 DECEMBER – 26 DECEMBER 2021

THE SIXTH INTERNATIONAL
FILM FESTIVAL FOR CULTURAL SPIRITUAL
AND HUMAN VALUES

# HOLY VIRGIN MARY OMOPHORION



# БОГОРОДИЧЕН ПОКРОВ

ШЕСТИ МЕЃУНАРОДЕН ФИЛМСКИ
ФЕСТИВАЛ ЗА КУЛТУРНИ, ДУХОВНИ И
ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

11 ДЕКЕМВРИ – 26 ДЕКЕМВРИ 2021

***Почитувани љубители на духовните вредности,***

Шестиот меѓународен филмски фестивал за културно, духовно, историско наследство и човечки вредности „Богородичен Покров“ - “Holy Virgin Mary Omophorion“, се одржа онлајн од 11 декември до 26 декември 2021 година во Скопје, Македонија, а репризата на фестивалот беше од 1 до 16 јануари 2022 год.

Оваа година фестивалот беше спонзориран од Вишеградскиот фонд. Проектот е кофинансиран од владите на Чешка, Унгарија, Полска и Словачка преку Вишеград групата од Меѓународниот Вишеградски фонд. Мисијата на фондот е да ги унапредува идеите за одржлива регионална соработка во Централна Европа. Овој фестивал е непрофитен проект, заради големата потреба од поддршка на духовните и културни вредности во човештвото.

***Со почит,***
***Зорица Соломан Костовска - Основач на фестивалот***

## СПОНЗОР ВИШЕГРАД ФОНД И ПАРТНЕРИ НА ФЕСТИВАЛОТ



**Petr Mareš** - Извршен Директор, Вишеград Фонд



**Márta Dragonits** - Претседавач на Ars Sacra Фондација, Унгарија



**Срђан Илић** - Претседател на Асоцијација на граѓани и на Филмски фестивал „Бдење душе“, Србија



**Viktor Krištof** - Three Brothers Company продукција, Чешка



**Michail Novinski** - Новински Филмска Продукција, Словачка



**Зорица Соломан Костовска,** Основач на фестивалот „Богородичен Покров“, Македонија



**Jozef Sutus** - Претседател на Асоцијација на Унгарците во Македонија - „ТЕЛЕДОМ“





supported by
Visegrad Fund






Меѓународен повик: **„КАКО СЕ НАУЧИВ ШТО Е ЉУБОВ?“**
Internacional call: **“HOW I LEARNED WHAT LOVE IS“**
Међународни позив: **“КАКО СУ МЕ НАУЧИЛИ ШТА ЈЕ ЉУБАВ“**



**„ДОБРЕДОЈДОВТЕ“** - програма на фестивалот и ретроспектива
**“WELCOME“** - program and retrospective of the festival
**„ДОБРОДОШЛИ“** - програм фестивала и ретроспектива

supported by Visegrad Fund

## „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – СЛОВЕНСКИ АПОСТОЛИ“



Историска драма за великите словенски просветители и рамноапостоли „Свети Кирил и Свети Методиј“. Филмот става акцент на главниот ривал на светите Константин и Методиј, свештеникот предавник Еибен, кој дискретно повлекува конци, дејствувајќи како двоен агент и средновековен лобист. Сржта на пораката на филмот е дека Европа и европските држави нема да се спасат со економската моќ ниту со своето наследство, туку можат да опстанат само ако негуваат исти морални и духовни вредности. Филмот ја обработува и епската битка на Велиград. *Номиниран за највисока филмска награда Чешки лав, Фебио-Словачка, фестивали во Русија и др.*

**Режисер:** Петр Николаев
**Продуцент:** Виктор Криштоф
**Камерман:** Давид Плухар
**Сценарист:** Мирослав Ошчатка Улоги: Методиј – Роман Зацх
Кирил Ондрј Новак и дуги.
**Република Чешка, Чешка ТВ, Словачка ТВ и др. 85 мин.**



***Виктор Криштоф,*** продуцент на филмот „Свети Кирил и Методиј – Словенски апостоли“, е најмладиот член од семејната продуцентска компанија Three Brothers од Чешка Република, основана од браќата Владимир, Борис и Игор Криштоф во 1991 година. Специјалност им се историските филмови и ефекти. Продуцирале околу 90 играни и документарни филмови, самостојно или со големи ТВ куќи, како ZDF, ARTE, BBC и други. Работеле и на бројни меѓународни и холивудски филмови меѓу кои Јованка Орлеанка, Хенри IV, Тројцата мускетари. Соработувале и со глумците Арнолд Шварценегер, Шон Конери и други. Продуцент е и на филмовите Јан Хус, Музиканти, Писма од Прага и многу други.





supported by Visegrad Fund

## „МАНАКИ – ПРИКАЗНА ВО СЛИКИ“







Кога Милтон Манаки снимал важна личност, тој велел: „За мене и историјата!“. Документарниот филм „Манаки - приказна во слики“ е дело кое зборува за личната историја на браќата Манаки, но, уште поважно е што говори со артефакти за фотографската и кинематографска историја на Македонија.
Авторот истражувал шест години во повеќе земји (Македонија, Грција, Србија, Бугарија, Романија и Франција) и наишол на информации кои за прв пат се претставени во овој филм! Секој факт и мислење презентирани во филмот се внимателно истражени и потврдени со артефакти.
*Филмот ја освои наградата за најдобар документарен филм на SEE - Paris Film Festival, во Југоисточна Европа, а на SEE Online Film Festival беше прогласен за најдобар документарен филм.* Беше прикажан на Првиот форум на филмски градови на УНЕСКО во Битола. Се прикажуваше и во Софија, Нови Сад, Белград, Лоѓ во Полска и во 15 балкански градови, како дел од фестивалот Балкано филмофилија. Филмскиот фестивал „Браќа Манаки“ во 2019 година, за прв пат го затвори фестивалот со документарен филм, со филмот “Манаки – приказна во слики!”

**Продуцент, режисер и кинематографер:** Роберт Јанкулоски
**Сценарио:** Илинденка Петрушева, Роберт Јанкулоски
**Монтажа:** Блаже Дулев
**Музика:** Горан Керкез
**Дизајн на звук:** Дарко Спасовски
**Македонија, MCF – филмска продукција, 2019, 70 мин.**
*Македонски со англиски превод*



***Роберт Јанкулоски,*** автор на документарниот филм и монографија „Манаки - приказна во слики“ е фотограф, кинематограф и професор по фотографија. Речиси 20 години ја истражува работата на првите снимател на Балканот. Последните неколку години е декан и професор на Факултетот за филмска уметност на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕФТА (ЕСРА) во Скопје.

supported by Visegrad Fund

## „АКО ДЕНЕС ТРЕБА ДА УМРЕМЕ“








Во време на Божикниот пост 1949 година, на замрзната височина покриена со снег, во неделно утро за време на проповедта во малата црква во Чигошт, три пати се занишал дрвениот крст на олтарот и останал искривен. Движењата ги виделе 20 сведоци и свештеникот Јозеф Тоуфар. Тој бил уапсен од фашистите и принудуван да признае дека тоа било лага. Вистинска биграфска приказна за едно маченииштво.

**Сценарио:** Роман Вавра, Милош Долежал, Мартин Полак
**Камера:** Марек Јиха
**Режисер:** Роман Вавра
**Чешка република, Чешка ТВ, 52 мин**



Програма на фестивалот

supported by Visegrad Fund

## „ЗАШТИТНИК - СВЕТИ НЕКТАРИЈ БИТОЛСКИ“








Прв документарен филм за животот и делото на Свети Нектариј Битолски, кој раскажува за местото каде што тој се родил, скитот во кој што се подвизувал и за возобновувањето на неговиот култ во Битола. Реализиран е со благослов на Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Преспанско-пелагониски г. Петар. За македонскиот светител од 15-ти век преподобниот Нектариј Битолски, македонската јавност многу малку знае. Можеби затоа што преподобниот Нектариј уште како дете заминал од Битола и своето светителско достоинство го добил далеку од своето родно место, на Света Гора. Проектот бил поддржан од општина Битола.

**Сценарио:** Драги Атанасовски
**Режија:** Благојче Божиновски
**Продукција** АСТРА - ВЕДА
**Македонија, 47 минути**

supported by Visegrad Fund

## „НИЗ ОЧИТЕ НА ФОТОГРАФКАТА“






Неверојатно енергичната 88 годишната популарана Словачка фотографка Сузана Миначова, има огромно влијание врз Чешката и Словачка фотографија повеќе од 50 години, изложувајќи низ триесет земји во светот. Оваа успешна и крајно позитивна жена е прогонувана од тајната од детсвото која ја измачува и не и дозволува да спие. Единствено решение е да ја открие огромната детска љубов помеѓу неа, Еврејско девојче и едно момче Христијанин, Петар. Започнува неверојатно тешко патување. Повторно го посетува Аушвиц, концентрационен камп каде пред 70 години ги искусила најужасните моменти од животот. Дали конечно ќе го најде мирот и ќе го остави минатото зад себе?

Инаку, денес нејзините фотографии од Роберт Де Ниро, Шерон Стоун, Мајкл Даглас, Антонио Бандерас и многу други ѕвезди се легендрани во светската кинематографија. Филмот е наградуван на повеќе од 70 меѓународни фестивали, во Њујорк-САД, Карлови Вари-Чешка, Варшава-Полска , Хаифа - Израил и др.

**Сценарио и режија:** Matej Mináč
**Директор на фотографија:** Jan Drnek, Peter Zubal
**Извршен продуцент:** Jana Gospicova
**Монтажа:** Robert Cuprik
**Улоги:** Julie Ondrackova, Zdenek Pishkula, Johana Novackova, Lukash Kral
**Продукција: Чешка / Словачка 84 мин.**



***Матеј Минач*** - Режисер, продуцент, писател. Дипломира филмска режија во Братислава. Овој филм е добитник на повеќе од 70 награди. Меѓу нив се наградите на Emmy Awards, Montreal Film Festival, Karlovy Vary, Czech Lion, Prix Italia, Grand Prix – USA и други.



Програма на фестивалот

supported by Visegrad Fund

## „МАНАСТИР СВЕТА БОГОРОДИЦА – ПРЕЧИСТА“







Манастирот „Благовештение на Пресвета Богородица“, познат меѓу народот како „Пречиста“ се наоѓа во градот Кичево. Манастирот „Света Богородица Пречиста“ е завршен со градба во 1320 година. Од манастирот „Пречиста“ датираат многу стари манастирски ракописи. Најважно иконографско дело е чудотворната икона на Пресвета Богородица. Секој кој пристапувал со вера, љубов и надеж кон чудотворната икона наоѓал исцеление.

**Сценарио и режија:** Оливер Ангелески
**Камера:** Александар Ристески и Горан Попоски
**Монтажа:** Ѓорѓи Трајкоски
**Продукција** FUN
**Македонија / 11 минути**
*Македонски со Англиски превод*

supported by Visegrad Fund

## „КОГА ДУШАТА ЗАМИНУВА“

*„Таков е животот, уште еден мотив за чест“.* Изводокот од дневникот на д-р Ференц Кучера дава идеја за верата на младиот свештеник - маченик. Капеланот на Сент Андреј бил погубен на 25 јуни 1919 година од страна на „терористите“ на Советската Република. Документарецот за него ја раскажува приказната не само за неговото маченииштво, туку и за неговиот живот.

**Режисер:** Ерно Золтан Балог
**Продукција:** Experiment
**Унгарија, 2020 година, 55 мин.**
*Унгарски со македонски превод*






## „JOB“




По загубата на нероденото дете и отуѓувањето од сопругата, Јов се обидува да најде нова смисла на својот живот.

**Режија:** Александар Андоноски
**Продуцент:** Миле Петковски, Александар Андоноски
**Сценарист:** Оливера Андоноска
**Директор на фотографија:** Тони Коцев
**Уредник:** Димитар Спиркоски
**Дизајнер на звук:** Томче Темелкоски
**Музика:** Томче Темелкоски
**Главни улоги:** Димитар Ѓорѓиевски, Марија Спиркоска-Илијеска, Илија Волчески
**Делегат продукциска компанија:**
ВИДЕО СТУДИО ПЕТКОВСКИ (МК)
**Копродукциска компанија:**
МА ПРОИЗВОДСТВО
**МК | 2019 | 22’ | Full HD | Драма**
*Македонски со англиски превод*





supported by Visegrad Fund

## „РОВАЧКИ ОСТРОГ“




Манастирот Костриковача е скриен во чудесна природа покрај кањонот на реката Мртвица, во планинската пустина на Црна Гора. Посебен печат на филмот му дава можеби последната филмска снимка на покојниот Митрополит Амфилохије Радовиќ, кој зборува за приврзаноста на своето семејство кон овој манастир. Филмот е прикажан на Фестивалот „Бдење душе“ во Србија, на 5 фестивали во Русија, на фестивал во Украина, и има добиено 3 награди. Интернационалната премиера беше оваа година во Москва. На фестивалот „Богородичен Покров“ се прикажува за прв пат на македонски и англиски јазик.

**Режисер и Продуцент**: Милан П. Кићевац
**Директор на фотографија**: Илија Димитријевиќ
**Монтажер**: Александар Стојанов
**Организатор**: Сретен Мијовиќ
**Продукција:** „COOLTURE“
**Унгарија /Србија, 2021 година, 23 мин.**
*Српски со македонски превод и српски со англиски превод*



***Милан П. Кићевац*** - Автор и независен продуцент. Во негова продукција се филмовите: *Јего Благородие Барон Врангел, Арсен Карађорђевић, Маестро, По трагите од сведоците, Преселбите траат вечно, Шајтинец-три приказни, Манастир на Пресвета Богородица – Трирачица, Последен разговор - Динко Давидов, Манастир Костриковача – Мртво длабоко, Учителот од Дримкол.* Некои од овие филмови имаат добиено награди и признанија во Србија, Русија, Северна Македонија. Основач и сопственик на фондацијата “COOLTURE”. Во 2020 година заедно со продуцентот Антониј Молотов го отвора претставништвото „COOLTURE“ во Софија - Бугарија. Заедно со Кинотеката на Република Српска и Сњежан Лаловиќ го започнува и организира фестивалот за документарен филм во Пале (Република Српска). Објавена книга „Марципан - Империјата на татко ми“ за познат слаткар во Будимпешта.

supported by Visegrad Fund

## „МАНАСТИР ТУМАНЕ – СВЕДОШТВА“



Филмот прикажува бројни сведоштва на исцеленија од верниците кои го посетиле ова светилиште. Манастирот го посетуваат луѓе од целиот свет, без оглед на верата и националната припадност, барајќи помош и спасение. Се наоѓа на 12 км од Голубац и е посветен на Светиот архангел Гаврил. Главен јунак на документарниот филм е игуменот на манастирот Димитриј, кој сведочи за бројни исцеленија. Во филмот е екранизирана и тајната на Туманските светители Свети Зосим и Свети Јаков. Филмот има добиено награда на фестивалот во Ниш, а прикажан е и на фестивал во Мостар. На фестивалот „Богородичен Покров“ се прикажува за прв пат на македонски и англиски јазик.

**Сценарио и режија:** Бранка Бешевиќ-Гајиќ
**Монтажа:** Невена Јовановиќ
**Директор на фотографија:** еромонах Теофил Радовиќ
**Наратор:** Александар Ристановиќ
**Филмска продукција** MS
**Србија 2020, 61 минута**
*Српски со македонски превод и српски со англиски превод*



***Бранка Бешевиќ Гајиќ***: Наградуван српски филмски и ТВ режисер, креативен продуцент, сценарист, доктор на уметности. Таа е магистер за драма и аудиовизуелни уметности. Дебитира како режисер и сценарист на филмот „Лауш“, филм за животот на познатиот југословенски актер Жарко Лаушевиќ. Во филмот се појавуваат повеќе од дваесет главни имиња на српската култура. Филмот беше широко дистрибуиран низ светот и наградуван за режија, уметнички придонес и храброст на авторот. Награди: *Во Чикаго, српскиот филмски фестивал го вклучи меѓу најдобрите филмови за 2014 година. „Најдобрите жени XXI век“ награда за драма и аудиовизуелна уметност, Airli Nivo, Белград (2016). „ГРАН ПРИ“ за сценарио на филмот „Лауш“ на Меѓународниот Фестивал (2016). „ГРАН ПРИ“ за „Домот на ангелите“ на Меѓународниот фестивал “Gold Buklia” (2017). Награда на д-р Дејан Косановиќ за најдобар дипломиран филм за магистерски уметности на Факултетот за драмски уметности, Универзитет за уметности во Белград, Србија (ФДУ, 2017). City Fest (2019), City Fest (2021), Авант и Уна (2021). Награда за најдобар филм во Ниш (2021).*



Програма на фестивалот

supported by Visegrad Fund

## „КОМЕНИУС”








Фестивалот се затвори со интернационалната премиера на чешкиот игран филм Комениус, посветен на Јан Амос Коменски, кој живеее на крајот од 16 век и почеток на 17 век. во период на омраза помеѓу католиците и протестантите. Тој не е само педагог, туку и писател, научник, филозоф, теолог, бискуп на Чешкото братство и живее духовно аскетски живот. Под силни импресии е на Франсис Бекон, Жан Жак Русо, Песталоци, Јан Хус. Коменски е пример со својот живот на се што е духовно, возвишено, но и на страдалното и хуманото. Извонреден филм кој топло го препорачуваме!

**Продуценти:** Lubomir Hlavsov, Iva Hlavsova
**Автори:** Milena Štrafeldova, Lubomir Hlavsa
**Сценарио:** Martin Fahrner
**Главни улоги:** David Svehlik Alois Švehlik, Igor Bareš
**Директор на фотографија:** Pavel Kopp
**Режисер:** Lubomir Hlavsa
**Вистафилм продукција,**
**Чешка Република, 2021, 95 мин.**



## „КОЈ Е КОМЕНСКИ И КАКО СЕ ПРАВЕШЕ ФИЛМОТ”?

Интервју со продуцентскиот и брачен пар Iva Hlavsova и Lubomir Hlavsa, продуценти на чешката филмска и ТВ продукција Vistafilm која го продуцираше филмот Comenius. Филмот ја има својата интернационална премиера на фестивалот „Богородичен покров“. Во дел од интервјуто е и Pavel Kopp, кој годинава е прогласен за најдобар директор на фотографија во Лос Ангелес. Тие одговараат на прашањата на студентите на Европскиот Универзитет од Скопје и на учениците од основното училиште Јан Амос Коменски. На највредниот волонтер на фестивалот се доделува традиционална награда, бесплатна четиригодишна стипендија, во чест на покојниот основач на овој Универзитет, Бојо Андрески.

supported by
Visegrad Fund

## Интервју со **Др. Марта Наѓ**, византолог, вонреден професор на Универзитетот Дебрецин во Унгарија **„КУЛТОТ НА СВЕТИ НАУМ ОД ОХРИД ВО УНГАРИЈА“**



**Др. Марта Наѓ:** Во 2012 година издадов книга под наслов „Култот на Св. Наум од Охрид во Унгарија, како манифестација на зачувување на етничкиот идентитет“. Пред издавањето на оваа книга, во 2010 година, приредив изложба која содржеше речиси 100 предмети посветени на 1100-годишнината од упокојувањето на Свети Наум. На таа изложба можеше да се видат икони, резби кои ги објавив за првпат, и современи икони, текстили, релјефи, емајли, наменети за годишницата.

Во септември годинава, приредив уште една изложба посветена на 1111-та годишнина од упокојувањето на Св. Наум. Насловот беше: „Св. Наум од Охрид, во унгарската современа уметност“.








*Интервјуто беше објавено во списанието „Премин Портал“, како и во дневниот весник „Нова Македонија“.



Програма на фестивалот

supported by
Visegrad Fund

## Интервју со **Др. Марта Драгонич** - Претседавач на фестивалот на сакарална уметност - АРС САКРА, Унгарија **“ДОБИВМЕ МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД АРС САКРА ОТКОЛКУ ШТО СЕ НАДЕВАВМЕ”**




**Богородичен покров:** Според податоците од вашиот сајт, во 2019 година сте имале 100.000 посетители на 700 настани во 418 места. Како тоа им успеа на три духовни жени? На Вас Ма́рта Драгонич, на Илдико́ Колек и Илона Тороцка, кои иако сте три, Вие сте како една иста душа и основачи на овој фестивал?

**Др. Марта Драгонич:** Направивме голем постер , на кој пишуваше дека нашиот главен покровител е Светиот Дух. Следејќи го нашиот повик, сè повеќе и повеќе луѓе ни се придружија да го организираат фестивалот. Меѓу другите, работиме заедно со организаторите на Европските денови на наследство, бидејќи најголем дел од европското културно наследство е сакрално. Европската култура изникнала од јудео-христијанската вера, корените на нејзината цивилизација се таму.











*Интервјуто беше објавено во списанието „Премин Портал“, како и во дневниот весник „Нова Македонија“.

## „ЗЕМНИОТ ЖИВОТ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“




Во времето на распнувањето на Исус Христос на планината Голгота, имало малку народ. До Крстот стоеле Дева Марија, Марија Магдалена и омилениот ученик Јован. И покрај страдањата, Христос умирајќи мислел на судбината на Неговата мајка. И грижата за Богородица му ја доверил на апостол Јован. Во Евангелието за Дева Марија е кажано сосема малку. Недостигаат детали за земниот живот на Богородица. Филмот ја надополнува оваа празнина и се прикажуваат сите свети места од земниот живот на Пресвета Богородица од Нејзиното раѓање до Нејзиното успение. Се отсликува Нејзината личност и улога во спасението на човештвото.



**Автор:** Александар Казакевич
**Камерман и режисер:** Константин Голечник
**Монтажа:** Роман Моисеев
**Продуцент:** Дмитриј Менделеев
**Русија, Студио Неофит, 2019, 35 мин.**

***Константин Голенчик*** - режисер на филмот „Земниот живот на Пресвета Богородица“. Од 2013 година е режисер на Студиото НЕОФИТ – Русија. Режисер е на циклусот на 12 епизодни историски филмови „Апостоли“. Меѓу бројните филмски и ТВ дела се „Иличовиот пост“, „Пет вечери пред зори“, циклусната програма „Билет за Бољшој“, „Едуард Артемиев“, „Свој меѓу туѓинци, туѓинец меѓу своите“, „Голема опера“, музички филм: „Д. Шостакович, Квартет 7“ и други.



***Александар Казакевич*** - автор на филмот „Земниот живот на Пресвета Богородица“, новинар, филмски критичар, патувач, сценарист. Неговите филмови за проблемите на верата и духовноста се емитувани на телевизија: „Земниот живот на Исус Христос“, „Земниот живот на Богородица“, „Руски Велигден во Ерусалим“ итн. Филмот на Александар „Русалим“ ја доби главната награда на фестивалот на православното кино „Радонеж“ во 2011 година. Тој е лауреат на фестивалите „Документарни филмови во Њујорк“, „Сталкер“, „Златен феникс“ и други, номиниран за ТВ наградата „ТЕФИ-2001“. Водителот на циклусот „Кино за кино“ на ТВ каналот „Култура“. Авторот е на книгите „Заминувам во манастир“, „Книгата на случајности“, „Јас сум среќен Дедо Мраз“ и други.





## „ЧУДАТА НА БЛАЖЕНА КСЕНИЈА“




Петебург во 18 век изгледал сосема поинаку од денес. Покрај огромните палати и градини биле дрвени колиби. Во зимските ноќи се слушало како волците вијат. На една од улиците се населиле војното лице Андреј Фјодорович и неговата жена Ксенија блажена. Тие сонуваат за потомство и среќен живот, но, нејзиниот маж починува и тука почнува историјата на Ксенија блажена. Филмот е прикажан во Русија на фестивалот „Встреча“, на фестивалот „Креативни средби“ на Кипар, а на фестивалот „Свети Владимир“ во Русија ја добива третата награда. За прв пат се прикажува на „Богородичен Покров“ на македонски јазик.

**Режисер:** А.В.Драницина,
**Продуцент:** Вјачеслав Заренков
**Камерман и монтажа:** Јуриј Гауцљ
**Продукција:** „Театар Килизе“
**Русија, 2020 год., 66 мин.**







## „СВЕТИ АНТИМ ОД ИБЕРИЈА - СИН НА ГРУЗИЈА И ТАТКО НА ВАЛАЧИЈА“




Маченик, архиереј, светител. Антим е еден од најголемите личности во историјата на Романската Црква. Тој е оној кој се борел за воведување на романскиот јазик како официјален јазик во националната Црква. Неговиот живот и работа обележуваат цела една ера. Ова е приказната за него.

**Камера:** Николае Севастре, Ирина Симитопол, Каталин Гхита
**Сценарио и режија:** Стефанија Консулеану
**Продукција:** ТРИНИТАС ТВ
**Романија, 62 мин.**

## „ВОРОНЕТ – ПРОЗОРЕЦ КОН РАЈОТ“

Воронет е најпознат Романски манастир и претставува една од најпознатите религиозни градби во светот. Споредуван е со Систинската Капела, но, затворен цели 206 години. Неговата сина позадина изгледа како да е земена директно од небото. Црква која го носи целиот свет и целата историја на спасението на своите надворешни ѕидови.

**Камера:** Константин Гхита, Госмин Парасчиев
**Режисер и Сценарист:** Александар Труска
**Продукција:** ТРИНИТАС ТВ
**Романија, 72 мин.**









## „МАНАСТИРИТЕ НА ЕВРОПА - СВЕДОЦИ НА НЕВИДЛИВОТО“

Сведоштва за историјатот, животот и чудата на манастирите во Ерменија, Ирска, Франција, Русија. Во Ерменија светител заштитник на манастирот е Св. Грегориј од Нарек, кој е најголем поет и молитвеник на Ерменскиот народ. Манастирот во Ирска е основан од Ирски монаси 1832 година. Во Франција основан е манастир во селото Св. Гилем Пустински, место на светското наследство на УНЕСКО, основано 804 година. Во Русија портретиран е манастирот Богородица Иверска, кој лежи на мал стров помеѓу Москва и Санкт Петербург, во кој се и чудотворните икони на Пресвета Богородица.

**Автори, режисери и копродуценти:** Marie Arnaud & Jacques Debs
**Камера:** Marc Andre Batigne
**Продуцент:** ‘Les Films d’Ici
**TV ARTE 2018**
**Франција, 52 мин.**





## „ИН МЕМОРИАМ – АРХИМАНДРИТ МЕТОДИЈ, МАКЕДОНСКО–ВАЛААМСКИ“

Молитвено сеќавање по повод упокојувањето на Архимандрит Методиј, Македонско – Валаамски на 22.07.2021 година. Интервјуто е едно од последните и е реализирано од страна на руската телевизија www.5-TV.RU.




Кон највозљубениот наш брат во Христа,
архимандрит Методиј Валаамски +22.07.2021

ШЕСТИ МЕЃУНАРОДЕН ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ
ЗА КУЛТУРНИ, ДУХОВНИ И ХУМАНИ
ВРЕДНОСТИ

„БОГОРОДИЧЕН ПОКРОВ“

THE SIXTH INTERNATIONAL FILM FESTIVAL
FOR CULTURAL SPIRITUAL AND HUMAN
VALUES

“HOLY VIRGIN MARY OMOPHORION”

supported by

Visegrad Fund

## ПОКРОВИТЕЛИ НА ФЕСТИВАЛОТ | PATRONS

Амбасада на Руската Федерација

Амбасада на Република Чешка во Скопје

АМБАСАДА НА УНГАРИЈА СКОПЈЕ

EMBASSY OF THE SLOVAK REPUBLIC IN SKOPJE

АМБАСАДАТА НА РОМАНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ Р. МАКЕДОНИЈА

TRINITAS TV TELEVIZIUNEA PATRIARHIEI ROMÂNE

КИНОТЕКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
CINEMATHEQUE OF NORTH MACEDONIA

## СПОНЗОРИ И ПРИЈАТЕЛИ НА ФЕСТИВАЛОТ | SPONSORS & FRIENDS

ALEKSANDAR PALACE

FERŠPED SKOPJE

propoint | GREEN COMPANY

MOZZART

NIKOL DENT стоматолошка ординација

depilève

żaneta estetik

Sbezgen okean

BULART CONSTRUCTION

КОЖУВЧАНКА

## МЕДИУМСКИ ПОКРОВИТЕЛИ НА ФЕСТИВАЛОТ | MEDIA PATRONS

вечер ...прв дознава.

MIA

ПреминПортал www.preminportal.mk

НОВА МАКЕДОНИЈА

www.topworldtv.network/en/festival2021.html

www.facebook.com/festivalbogorodicenpokrov | www.facebook.com/holyvirginmaryomophorion